Министерот за животна средина и просторно планирање врз основа на член 55 став 1 и член 56 став 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), а во врска со Наредба за ограничување на увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC) (“Сл. весник на РСМ” бр. 13/24), донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 02-883/1
23-01-2024 20 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

**УПАТСТВО**
**ЗА ПОБЛИСКИ УСЛОВИ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА УВОЗОТ НА ФЛУОРИРАНИ ЈАГЛЕВОДОРОДИ (HFC) ВО 2024 ГОДИНА**

Член 1

Со ова упатство се пропишуваат поблиските услови за ограничување на увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC) [1] во 2024 година.

Член 2

Ограничување на увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC) во 2024 година се врши врз основа на пресметаниот просек на увезени количини на флуорирани јаглеводороди (HFC) во периодот 2020-2022 година кој изнесува 357,938 t $CO_2$ eq.

Член 3

Деведесет проценти од количината на флуорирани јаглеводороди (HFC) од член 2 на ова Упатство се доделува за увоз на компаниите кои се појавиле како увозници на флуорирани јаглеводороди (HFC) во периодот 2020-2022 година (во понатамошниот текст: стари увозници).

Увезената количина во 2024 година која е согласно издадена дозвола во текот на 2023 година е составен дел на дозволената квота во 2024 година.

Старите увозници ќе бидат информирани за доделената квота по писмен пат во рок од десет дена од објавувањето на ова Упатство на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Десет проценти од количината на флуорирани јаглеводороди (HFC) од член 2 на ова Упатство се доделува за увоз компаниите кои за прв пат аплицираат како увозници на флуорирани јаглеводороди (HFC) во периодот од месец јануари до крајот на месец април 2024 година. (во понатамошниот текст: нови увозници). Количината на флуорирани јаглеводороди (HFC) која се доделува на нов увозник не надминува 30% од количината планирана за новите увозници.

Член 4

За добивање на дозвола на флуорирани јаглеводороди (HFC) се поднесува електронска апликација до web порталот на Exim.gov.mk од страна на старите и новите увозници

После секој увоз на флуорирани јаглеводороди (HFC) увозникот доставува извештај за увезената количина заедно со копија од царинската декларација.

---

[1] Супстанции од Прилогот на Наредбата за ограничување на увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC) и смеси кои содржат супстанции од Прилогот на Наредбата за ограничување на увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC) (пример: HFC-404a, HFC-410a, HFC-507, HFC-407c, R-449A, R-448A и други).

Член 5

Ова Упатство влегува во сила наредниот ден од денот на потпишувањето и објавувањето на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Министер
КАЈА ШУКОВА

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
Shkup
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Емилија Ќупева
Согласен: Тања Пауновска